08-1465/7
07-09-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година донесе:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-1465/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1465/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1465/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ---------- по избор на функцијата член на --------------------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ----------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член на ----------------- не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1465/5 од 23.07.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

По плаќањето на глобата лицето нема доставено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, по што ДКСК ќе достави укажување до истото за исполнување на обврската согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ.

Со преземање на горенаведените дејства од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: М.С, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш, член на ДКСК